**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Бр. 02-2155/14 Дата 07-12 2023 година

Врз основа на член 70 од Статутот на Економскиот факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр.444/2019 и 526/2020), Наставно – научниот совет, на седницата одржана на ден 24.11.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за запишување, задржување и поддршка на студентите на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Економски факултет-Скопје

*Општи одредби*

Член 1

(1) Со оваа Одлука се уредуваат правата и обврските на вработените во врска со запишувањето на студентите, студирањето и поддршката на студентите во текот и после студирањето, како и правата и обврските на студентите на Економскиот факултет-Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот).
(2) Одлуката ги дефинира насоките што треба да ги следат вработените, како и студентите за да се обезбеди дека студентите ќе имаат позитивно искуство при запишувањето и студирањето и дека ќе ги постигнат своите академски цели.
(3) Одлуката има за цел да обезбеди насоки за запишување, задржување и поддршка на студентите на Факултетот.

*Запишување студенти на Економски факултет-Скопје*

Член 2

(1) Факултетот има обврска да обезбеди фер и транспарентен процес на запишување на студентите на факултетот во согласност со објавениот Конкурс за упис на нови студенти и актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за реализација на конкурсот;
(2) Факултетот има обврска да им помогне на потенцијалните студенти при изборот на посакуваната програма за студирање преку обезбедување точни и пристапни информации за програмите кои ги нуди;
(3) Факултетот има право да ги покани потенцијалните студенти на т.н. отворен ден на Факултетот, како и да оствари средби со нив за да им ги даде сите потребни информации, советодавни услуги и насоки за упис на потенцијалните студенти;

Член 3

(1) Кандидатите имаат обврска да ги исполнуваат критериумите за подобност и да ги достават сите потребни документи наведени во конкурсот за упис на Факултетот.
(2) Студентите имаат обврска да плаќаат школарина и други надоместоци во текот на целото студирање според актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Факултетот.
(3) Факултетот има право да ги ослободи од плаќање на партиципација или школарина студентите кои припаѓаат на одредени категории согласно условите

наведни во Конкурост и согласно актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

(4) Факултетот има право да донесе одлука за ослободување од плаќање на партиципација или школарина и на други категории студенти.

*Задржување на запишаните студенти*

Член 4

(1) Факултетот има обврска на сите студенти да им обезбеди Водич низ студиите со информации за одделните предметни програми и правилата за студирање.

(2) Факултетот има обврска да обезбеди следење на академскиот напредок на студентите од прв, втор и трет циклус студии преку индикатори како: стапка на задржување (retention rate), стапката на дипломирање (completion rate), време до дипломирање (time-to-degree per student) и др.

(3) Факултетот има обврска да обезбеди следење на академскиот напредок на т.н. студенти во ризик во текот на студирањето од прв, втор и трет циклус студии. Факултетот ќе утврди критериуми врз основа на кои ќе се дефинираат групи на студенти во ризик.

(4) Факултетот има обврска да ги преземе сите потребни мерки со цел обезбедување на услови и еднаков пристап до просториите за учење и административните простории за студентите со попреченост.

Член 5

(1) Студентите имаат обврска да присуствуваат на предавањата и вежбите според правилата за студирање на Универзитетот и Факултетот.

(2) Студентите имаат обврска да се придржуваат до Етичкиот Кодекс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и да се однесуваат на начин кој се карактеризира со почит, професионалност и љубезност кон колегите студенти, наставниот, соработничкиот и административниот кадар на Факултетот.

(3) Факултетот има право да преземе соодветни мерки против студентите согасно Статутот на Универзитетот и Етичкиот кодекс.

*Поддршка за време на студирањето од наставниот и соработничкиот кадар*

Член 6

(1) Наставниот и соработничкиот кадар на Факултетот имаат обврска да определат приемно време за консултации со студенти согласно правилата за студирање и истото да го истакнат да видно место.

(2) Наставниот и соработничкиот кадар на Факултетот имаат обврска да овозможат задолжително увид во тестовите на студентите со прикажување на тестот и оценувањето. Студентот прави увид во тестот исклучиво во свое име и со свое лично присуство.

(3) Наставниот и соработничкиот кадар може да одржи дополнителни часови за студентите на барање на студентите или доколку самиот процени дека тоа е потребно.

*Поддршка за време на студирањето – туторство и академско советување*

Член 7

(1) Факултетот, преку Центарот за кариера, ќе понуди програма за т.н. студенти-тутори и алумни-тутори кои ќе им помагаат на студентите во текот на студирањето да ги постигнат своите академски цели.

(2) Центарот за кариера и Одделенеито за студенстки прашања, ќе обезбедат академско советување за надминување на тешкотиите во студирањето на т.н. студенти во ризик. За оваа цел може периодично да се организираат и обуки за студентите на различни теми важни за нивниот академски и кариерен развој.

(3) Во реализирањето на поддршката на студентите во текот на студирањето може да се вклучат и Факултетското студентско собрание и заменик студентскиот правобранител.

*Поддршка за време на студирањето од административниот кадар*

Член 8

(1) Факултетот има обврска да води посебна евиденција за трансфер-кредити на студентите, вклучително и на студентите кои доаѓаат од други образовни институции од земјата и странство и континуирано ќе го следи нивниот прогрес во студирањето преку истите индикатори како член 4 став 2.

(2) Факултетот ќе ги охрабри студентите да учествуваат во воннаставни активности, како што се спорт, клубови и друштва, за промовирање на сеопфатен развој

(3) Факултетот ќе обезбеди услуги за информирање на студентите за можностите за слушање и полагање на предмет/и во странство на Универзитети и Факултети со кои има склучено договори за соработка.

(4) Факултетот периодично ќе изработува Извештај за квалитетот на академските програми во врска со напредокот на студентите во нивната кариера после дипломирањето кој ќе биде јавно достапен на веб сајтот на Факултетот.

(5) Факултетот се обврзува да изработи и дистрибуира прашалник за студентите кои го прекинуваат студирањето со цел утврдување на причините за овој чекор и утврдување на мерки за нивно задржување .

*Завршни одредби*

Член 9

(1) Оваа одлука влегува во сила со денот на неговото усвојување од страна на Наставно-Научниот совет на Економскиот факултет-Скопје.

(2) Оваа одлука може да се менува со одлука за изменување и дополнување донесена од страна на Наставно – научниот совет.

(3) Оваа одлука да се објави на веб страната на Факултетот.

**Д Е К А Н**

**---------------------------------**

**Проф. д-р Предраг Трпески**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *